**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ**

# ИНИЦИЈАТИВА ЗА ОТВОРЕНО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВО (ОВП)

## I. ИНИЦИЈАТИВА ЗА ОТВОРЕНО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВО (ОВП)

Отвореното владино партнерство (ОВП) претставува доброволна меѓународна иницијатива која цели кон обезбедување конкретни заложби од страна на владите кон нивните граѓани, за да промовираат транспарентност, да го поттикнат граѓанското учество, борбата против корупцијата и искористувањето на новите технологии со цел да се зајакне доброто владеење/управување (good governance).

Иницијативата за ОВП беше иницирана од страна на 8 земји[1] и 8 меѓународни организации, како заедничко партнерство за унапредување на владината транспарентност, отчетност и одговорност. Денес во иницијативата учествуваат 67 земји и голем број на граѓански организации кои претставуваат лидери во спроведувањето на реформи и се застапници на максимата дека јавните институции се ефикасни и ефективни онолку колку што ќе ги отворат своите врати за предлози и критики од јавноста. Досега во рамките на оваа иницијатива се развиени над 100 акциски планови и се спроведени повеќе од 2500 поединечни национални реформи.[2]

Отвореното владино партнерство во служба на отвореноста, одговорноста и отчетноста, промовира четири вредности кои треба постојано да се унапредуваат и тоа: *пристапноста до информациите, учеството на јавноста во владеењето (управувањето), јавната отчетност и технологијата и иновациите*.[3]

---

[1] Основачки влади на иницијативата за ОВП се: Бразил, Индонезија, Мексико, Норвешка, Филипини, Јужна Африка, Обединето Кралство и САД

[2] Податоците можат да се најдат на официјалната интернетска страница на иницијативата: <https://www.opengovpartnership.org/about/about-ogp>, пристапено на 3. 11. 2017 г.

[3] Дефиниции на овие вредности кои помагаат да се евалвираат преземените обврски од страна на Механизмот за независно известување може да се најдат на следниот линк: <https://www.opengovpartnership.org/sites/default/files/attachments/OGPvaluesguidancenote.pdf>. пристапено на 3. 11. 2017 г. Повеќе информации околу Механизмот за независно известување види подолу во текстот (дел IV)

Иако ОВП честопати се поврзува со развојот на софистицирани технолошки решенија за споделување и информирање со кои располагаат јавните институции и иницирање на процеси за консултации со граѓаните, всушност значи многу повеќе. Имено ОВП претставува процес во кој Владата во *партнерство* со граѓанските организации ги прифаќа секојдневните проблеми со кои се соочуваат граѓаните, утврдува приоритети и предвидува мерки за спроведување на истите при што овозможува граѓаните да се вклучат во планирањето, спроведувањето и проценката на спроведеното од страна на државата. Технологијата всушност претставува алатка за постигнување на другите цели.

## II. ПРОЦЕСОТ НА ОТВОРЕНОТО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВО (ОВП)

За да станат дел од иницијативата за Отвореното владино партнерство земјите кандидати треба да ја поддржат Декларацијата за отворена влада (Open Government Declaration)[4] на (нај)високо ниво, да донесат национален акциски план развиен со јавни консултации и да се обврзат на независни извештаи за нивниот напредок преку механизмот за независно известување.

Успешниот процес на Отворено владино партнерство подразбира избегнување на сложени бирократски постапки и можност за практични и брзи решенија со цел надминување на ексклузивноста на владата при донесувањето на одлуки и рамномерно распределување на моќта меѓу сите учесници во процесот. За успешноста на целокупниот процес од големо значење е да се промени ставот и размислувањето на претставниците на јавните институции кои честопати сметаат дека имаат ексклузивно право да одлучуваат за тоа што е најдобро за граѓаните, при што информациите со кои располагаат ги третираат како личен имот[5].

Моделот на ОВП е уникатен. Како *партнерство* кое се темели на волонтерски однос во кој постојано се нагласува соработката, во ОВП најмногу се цени моќта на идеите. Отвореното владино партнерство не пропишува стандарди за отвореност кои земјите треба да ги следат. Напротив, неговиот специфичен пристап е дизајниран да придонесе владата и граѓаните самите да си ги дефинираат нивните приоритети за реформа. Во текот на целиот процес, тие се охрабрени меѓусебно да се инспирираат, мотивираат и да споделуваат искуство, вештини и знаење.[6]

Сепак, земјите што учествуваат во ОВП следат еден однапред подготвен процес на консултации во текот на подготовката на нивните акциски планови за ОВП и

---

[4] Декларацијата за отворена влада може да се најде на следниот линк: <https://www.opengovpartnership.org/open-government-declaration>, пристапено на 3. 11. 2017 г.

[5] Ова беше нотирано како еден од проблемите со кои се соочуваат претставниците на цивилното општество на втората работилница со работен наслов: Слобода на информации и отворени податоци одржана на 9. 3. 2016 г. во ЕУ инфо-центар. Работилницата беше дел од процесот на подготовка на Националниот акциски план. Повеќе информации околу работилниците следуваат во продолжение на текстот

[6] OGP Brochure. 2nd Edition, Washington DC, 2016 <http://www.opengovpartnership.org/sites/default/files/091116_OGP_Booklet_digital.pdf>, пристапено на 2.11. 2017 г.

во текот на имплементацијата.[7] Подготвувањето на Акцискиот план за ОВП треба да биде инклузивно, што значи дека свој придонес во процесот треба да дадат различни засегнати страни, вклучувајќи ги и државната администрација, граѓанското општество, локалните власти, бизнис-секторот и академската заедница.

Идеалното сценарио кое го препорачува иницијативата за ОВП би било она во кое процесот започнува со неколку рунди на отворени консултации на кои се поканети сите заинтересирани страни да ги изложат своите идеи и препораки за обврските кои треба да се преземат, бидејќи финалниот Национален акциски план треба да содржи препораки со заеднички инпут од цивилното општество и од различни владини сектори.[8]

Граѓанскиот сектор акумулира огромна креативна енергија која треба да се користи п(р)оактивно во јавниот сектор преку подобрување и негување на културата на вклученост и почитувањето на правата на сите граѓани во процесот на креирање политики и донесување одлуки, донесување закони и пристап до информации.[9]

*Клучна вредност* на која се темели ОВП како иницијатива е *градењето на партнерство* на релација меѓу државните институции и граѓаните (граѓанскиот и бизнис секторот). Оваа иницијатива подразбира креирање и спроведување на мерки кои ќе значат унапредување на веќе постигнатиот степен на транспарентност, отчетност и одговорност на јавните институции кон своите граѓани.

Следејќи ги препораките на иницијативата за партнерски однос помеѓу претставниците на владата и на цивилното општество, во месец март 2016 г. започна подготовката на третиот Национален акциски план за Отворено владино партнерство предводен од Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА), како институција задолжена од страна на Владата и Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) како организација која го предводи вклучувањето на цивилното општество (сите невладини актери, НВО, бизнис-заедницата, академската заедница и интерес(о)вни групи.[10]

## III. НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН (НАП)

Еден од условите за да се приклучат кон глобалната иницијатива за Отворено владино партнерство е владите да креираат Национален акциски план во соработка со цивилното општество.

---

[7] Коруновска, Н. *Механизам за независно известување: Македонија - извештај за напредокот (2014-2015),* достапен на <*https://www.opengovpartnership.org/sites/default/files/Macedonia_Final_2014-15_0.pdf*>, пристапено на 3. 11. 2017 г.

[8] OGP Brochure. 2nd Edition, Washington DC, 2016 <http://www.opengovpartnership.org/sites/default/files/091116_OGP_Booklet_digital.pdf>, пристапено на 2.11. 2017 г.

[9] МИОА. *Национален акциски план за отворено владино партнерство 2016-2018 година.* Скопје, 2016 г.

[10] Во текот на месец март ЦИКП го помогна вклучувањето на вкупно 110 претставници на цивилното општество преку одржување на три работилници во процесот на заедничкото создавање на НАП (2016-2018).

Овие акциски планови ја трансформираат изразената волја на секоја земја членка која се приклучила на иницијативата во конкретна акција. Секој Национален акциски план содржи специфични преземени обврски[11] за подобрување на транспарентноста, отчетноста и јавното учество во владеењето (управувањето). Обврските кои се преземаат од страна на владите треба да помогнат во справувањето со вистинските проблеми на граѓаните, како и да создадат позитивни промени кои ќе се чувствуваат во секојдневниот живот на граѓаните. Во контекст на ова, ОВП постојано ги охрабрува реформаторите да користат иновации при креирањето на јавните политики за да ја трансформираат културата на владеење и подобро да и служат на јавноста.[12]

ОВП ги поттикнува земјите членки да развијат постојан механизам на дијалог помеѓу владата и цивилното општество, за да можат активно да соработуваат низ целиот циклус на ОВП: прво со заедничко создавање на НАП, потоа со поддршка во неговата имплементација и на крајот во мониторингот и евалуацијата на истиот. Граѓанските организации не треба само да учествуваат во подготовката на планот, туку треба активно да дејствуваат со крајна цел имплементација на мерките предвидени со Акцискиот план.

При изработката на новите национални акциски планови коишто се развиваат на секои две години треба да се обрне внимание на неколку работи. При заедничкото креирање на плановите почетна точка треба да бидат искуствата од претходниот циклус, а секогаш предвид треба да се земат и препораките од механизмот за независно известување. Секој нареден НАП треба да биде ново искуство за учење, а со единствена цел реформите да бидат поамбициозни и поинвентивни, граѓаните да бидат помотивирани да учествуваат во процесот, а владата поенергична во имплементацијата на политиките.

Со изготвувањето на националните акциски планови за Отворено владино партнерство, Владата се заложува активно да работи на приоритетите кои се однесуваат на партиципативното креирање политики на централно и локално ниво, интегритетот, отворените податоци, фискалната транспарентност, слободата на информации и сл.

Откако ќе се изготви новиот НАП, преземените обврски кои ги содржи планот стануваат мета на независна критика преку еден механизам којшто го промовира ОВП, а се нарекува механизам за независно известување, на кој се обврзува секоја земја членка на иницијативата.

## IV. МЕХАНИЗАМ ЗА НЕЗАВИСНО ИЗВЕСТУВАЊЕ (МНИ)

Механизмот за независно известување (МНИ) прави преглед на активностите на секоја држава учесничка во ОВП и дава проценка за степенот на реализација на мерките и активностите од Националниот акциски план.

---

[11] commitments

[12] OGP Brochure. 2nd Edition, Washington DC, 2016 <http://www.opengovpartnership.org/sites/default/files/091116_OGP_Booklet_digital.pdf>, пристапено на 2.11. 2017 г.

МНИ произведува годишни независни извештаи[13] за напредокот на секоја земја што учествува во ОВП и дава препораки за подобрување. Преку објавување на темелни, непристрасни и објективни извештаи овој Механизам им овозможува на заинтересираните страни полесно да го следат напредокот на процесот на ОВП на земјите учеснички во иницијативата.

За изработка на своите извештаи МНИ ангажира национални експерти кои го оценуваат развојот и имплементацијата на НАП низ призмата на вредностите (пристап до информациите, учество на јавноста во владеењето/управувањето, јавната отчетност и технологијата и иновациите) кои помагаат да се евалвираат превземените обврски. Сите извештаи на НАП се подложни на ригорозен процес на контрола на квалитетот. Извештаите од МНИ се надгледувани од група на технички експерти кои работат на прашања поврзани со отворена власт и се познати како Меѓународен панел на експерти[14] со седиште во Вашингтон.

Иако владата и претставниците на цивилното општество вклучени во ОВП се повикани да дадат докази и анализи за напредокот, конечната одлука за содржина на извештаите сепак е во рацете на МНИ. Овој процес е потребен за да се одржи силата и интегритетот на Отвореното владино партнерство и да го направи уникатен помеѓу останатите владини иницијативи.

Сите извештаи на МНИ се достапни за јавноста во формат на отворени податоци.

Непосредната цел на овој Механизам е да влијае на одговорноста на институциите и заинтересираните страни задолжени за спроведување на обврските од Акциските планови. Овие извештаи се наменети да го поттикнат дијалогот и да ја промовираат отчетноста меѓу владите и граѓаните.

## V. РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ПРОЦЕСОТ НА ОВП[15]

Република Македонија пристапи кон глобалната Инцијатива за Отворено владино партнерство во 2011 година. Согласно обврските за сите земји кои се приклучија кон оваа инцијатива да достават Акциски планови за спроведување на мерките од инцијативата, Владата на РМ во јуни 2012 г. го усвои првиот Акцискиот план за Отворено владино партнерство (ОВП), а го имплементираше до крајот на 2013 г. Во мај 2014 г. го усвои вториот Акциски план за ОВП за 2014-2016 г., а во јуни 2016 г. го усвои третиот Акциски план за ОВП за 2016-2018 г. Првично, учеството на Македонија во ОВП беше координирано од страна на Министерството за надворешни работи (МНР), сè до моментот кога Владата ја префрли надлежноста на Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА).

[13] Станува збор за два извештаи: среднорочен и финален извештај

[14] International Experts Panel

[15] Податоците во овој дел се преземени од: МИОА. *Национален акциски план за отворено владино партнерство 2016-2018 година.* Скопје, 2016 г.

**Втор Национален акциски план за ОВП**

Во спроведувањето на заложбите утврдени во вториот Акциски план за Отворено владино партнерство за 2014-2016 година освен Владата, активно учество земаа голем број граѓански организации, преку рамноправно учество во работните групи формирани за таа цел. Со имплементација на плановите беа преземени голем број активности за градење на партнерски однос со граѓаните и компаниите во обликување на националните политики и креирање на националното законодавство, стратегии и инцијативи. Освен имплементацијата на стратешките документи, беа отворени и интерактивни веб портали за олеснување на процесот, за поголема транспарентност и можност за креирање форуми за размена на ставови и мислења. Ваквиот пристап секогаш продуцира добри резултати и поквалитетно законодавство, па оттука висок приоритет останува подобрувањето на механизмите кои овозможуваат унапредување на процесот на консултација и соработката со граѓанскиот сектор. Исто така се воведе законско регулирање на заштитата на лицата што пријавуваат сомнежи за незаконско и недозволиво постапување, со што се обезбеди системска институционална заштитата на укажувачите. Понатамошен предизвик останува унапредувањето на отвореноста на институциите од централно и локално ниво преку темелно вклучување на јавноста во креирање на политиките на добро владеење, интегритет и превенција на ризиците за корупција.

Во Република Македонија денес, постои законодавство со кое се гарантира пристапот до информации а институциите објавуваат широк спектар на информации на своите веб портали со што отвореноста кон граѓаните и компаниите не изостанува. Се воведоа отворените податоци и се овозможија механизми за приоретизирање на отворените податоци согласно потребите на граѓаните и компаниите, но секако ова останува највисокиот приоритет на Партнерството имајќи во предвид дека е предвидено креирање на стандарди за отворени податоци и дефинирање на лиценци за отворени податоци и нивно поставување на порталот за отворени податоци <http://www.otvorenipodatoci.gov.mk>.

Во делот на ефикасното управување со јавните ресурси посебно внимание се посвети на зголемување на транспарентноста и отчетноста на институциите во однос на трошењето на јавните пари преку публикување на буџетски документи во отворен формат, објавување и наративно објаснување на реализацијата на здравствените програми и објавување на стандардизирани информации за јавните набавки на интернет страните на договорните органи. Заложбата за фискалната транспарентност останува во фокусот на овој акциски план.

**Трет Национален акциски план за ОВП**

Овие постигнувања преставуваат основа на која се надградуваат утврдените приоритети и достигнувања за периодот 2016-2018 година, а воспоставениот систем за организација на имплементацијата и следењето на заложбите со вториот Акцискиот план ќе продолжи во Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година, со формирање на работни групи за соодветни приоритетни области од планот.

Третиот Национален Акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година вклучува широк спектар на активности кои Владата ќе ги преземе следните две години се со цел да се зајакнат, продлабочат и прошират напорите за унапредување на транспарентноста на власта, поголемата вклученост на граѓаните во процесот на донесување одлуки, зголемување на стандардите за интегритет и поголем пристап до технологија за сите граѓани на Република Македонија. Во создавањето на овој акциски план централно место заседоа консултациите во и надвор од владата, вклучувајќи и широки консултации со министерствата и други органи на државната управа, како и консултација со општата јавност, граѓанските организации, академските институции и приватниот сектор.

Изработил: Томе Гушев, ноември 2017 година